Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија ипретседателотна Собранието на Република Македонија, издаваат

**УКАЗ**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ФАКУЛТАТИВНИОТ ПРОТОКОЛ КОН КОНВЕНЦИЈАТА ПРОТИВ ТОРТУРА И ДРУГ ВИД НА СУРОВО, НЕЧОВЕЧНО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ ИЛИ КАЗНУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за ратификација на Факултативниот протокол кон конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 декември 2008 година.

Бр. 07-5829/1
30 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на РепубликаМакедонија,
**БранкоЦрвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОН
## ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ФАКУЛТАТИВНИОТ ПРОТОКОЛ КОН КОНВЕНЦИЈАТА ПРОТИВ ТОРТУРА И ДРУГ ВИД НА СУРОВО, НЕЧОВЕЧНО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ ИЛИ КАЗНУВАЊЕ

**Член 1**

Се ратификува Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, усвоен на 18 декември 2002 година во Њујорк.

**Член 2**

Протоколот во оригинал на англиски јазик и во превод на македонски јазик гласи:

**Член 3**

Министерството за прада, Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи се определуваат како надлежни органи надржавната управа што ќесе грижат за извршување на овој протокол.

**Член 4**

Во однос на членот 17 од Протоколот, Република Македонија ја поднесува следнава изјава: "Во согласност со членот 17 од Протоколот, Република Македонија изјавува дека Народниот правобранител на Република Македонија е назначен да дејствува како национален превентивен механизам.

Во соработка и врз претходна согласност на Народниот правобранител, невладините организации регистрирани во Република Македонија и организациите кои имаат статус на хуманитарни организации во Република Македонија, можат да преземаат некои од надлежностите на националниот превентивен механизам."

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".